| Р.бр. | Општина | Државно средно училиште | Број на преносни компјутери |
|---|---|---|---|
| 1 | Битола | Државно музичко училиште | 52 |
| 2 | Град Скопје | ДМБУЦ „Илија Николовски Луј" | 144 |
| 3 | Град Скопје | ДСУПУ „Лазар Личеновски" | 27 |
| 4 | Град Скопје | ДУФК „Методија Митевски Брицо" | 38 |
| 5 | Град Скопје | ЦОР „Партенија Зографски" | 15 |
| 6 | Град Скопје | ЦСО „Св. Наум Охридски" | 24 |
| 7 | Тетово | ДМУ „Тодор Скаловски - Тетоец" | 48 |
| 8 | Штип | ДМУЦ „Сергеј Михајлов" | 52 |
| 9 | Штип | ЦССОВ „Искра" | 16 |

Член 3

Министерот за информатичко општество склучува договор со директорите на државните средни училишта од член 2 од оваа одлука со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука, кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-1301/1
9 март 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**904.**

Врз основа на член 48 став 1 алинеја 1 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08),министерот за внатрешни работи донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА ОПРЕМА НА ВОЗИЛОТО, ВЕЛОСИПЕДОТ И ЗАПРЕЖНОТО ВОЗИЛО ЗА БЕЗБЕДНО УЧЕСТВО ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА, КАКО И НА ТРАКТОРИ ЗА БЕЗБЕДНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ, ОДНОСНО ШУМСКИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за задолжителната опрема на возилото, велосипедот и запрежното возило за безбедно учество во сообраќајот на патиштата, како и на трактори за безбедно извршување на земјоделски, односно шумски работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/10), во член 4 во ставот 1 зборовите: „Патнички моторни возила, комбинирани" се заменуваат со зборот „Комбинирани".

Во ставот 2 зборовите: „Патнички моторни возила и комбинирани" се заменуваат со зборот „Комбинирани".

По ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

„6. Патнички моторни возила може да имаат противпожарен апарат за гасење на пожар".

Член 2

Во член 9 во ставот 1 зборот „треба" се заменува со зборот „може".

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 14.1-19562/1
6 април 2010 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

**905.**

### О Б Ј А В А

Заедничката конвенција за сигурност при управување со искористено нуклеарно гориво и сигурност при управување со радиоактивен отпад, усвоена во Виена на 5 септември 1997 година, ратификувана со Законот за ратификација на Заедничката конвенција за сигурност при управување со искористено нуклеарно гориво и сигурност при управување со радиоактивен отпад („Службен весник на РМ" бр. 113/2009), влегува во сила на 31 март 2010 година.

3 март 2010 година
Скопје

Министер за надворешни работи,
м-р **Антонио Милошоски**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**906.**

Врз основа на член 31 став (3) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ПАКУВАЊА СО ДОЛГ ЖИВОТЕН ВЕК И ВИДОВИТЕ НА ПАКУВАЊА КОИ СЛУЖАТ КАКО ПОКАЗАТЕЛИ ДЕКА ПАКУВАЊЕТО Е СО ДОЛГ ЖИВОТЕН ВЕК

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите за пакувања со долг животен век и видовите на пакувања кои служат како показатели дека пакувањето е со долг животен век.

Член 2

Условите според кои одредени предмети кои при нива манипулација не може да се оштететат и да ја променат употребната вредност заради што се произведени може да се смета за пакување со долг животен век се:

- да е докажано дека служи како производ за трајна употреба;

- просечниот век на употребата да е најмалку пет години и
- вообичаено да се отфрла заедно со стоката која е во пакувањето, кога завршува нејзината употреба.

Член 3

Видовите на пакувања кои можат да служат како показатели дека пакувањето е со долг животен век се следните предмети:
- кутии(куфери) за прибор за јадење;
- кутивчиња за ЦД;
- кутии за фотоапарати;
- кожни футроли;
- кутивчиња за музички касети;
- кутии за сообраќајни триаголници;
- опаковки за грамафонски плочи;
- кутии за накит;
- садови за снежни ланци;
- картони за игри, кутии за прва помош;
- кутии за видео касети;
- тутурки за географски карти и други видови на карти и
- кутии за алати(сандачиња за алат).

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија ".

Бр. 07-3615
29 март 2010 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
д-р **Нецати Јакупи**, с.р.

---

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

**907.**

Комисијата за хартии од вредност врз основа на член 23 алинеја 4 и алинеја 6 и член 149 став 1 и 2 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2009), на седницата одржана на ден 5.03.2010 година, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е

1. Трајно се одзема дозволата за работа на Друштвото за управување со фондови Мој Фонд АД Скопје дадена со решение на Комисијата за хартии од вредност број 07-60/9 од 3.03.2008 година, поради непостапување по решение број 08-1509/6 од 26.08.2009 година на Комисијата за хартии од вредност за отстранување на неправилностите кои се констатирани при редовната контрола и поради неусогласување на работењето на друштвото со одредбите од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на РМ" бр. 12/2009).

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и истото ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. УП1 08-49
8 март 2010 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
Претседател,
**Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**908.**

Врз основа на член 161 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.40/2008), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ НА КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Во Правилникот за востановување на катастарот на недвижностите („Службен весник на Република Македонија" бр.118/08, 43/08 и 119/09), членот 34 се менува и гласи:

„Член 34

(1) Податоците по однос на зградите, посебните делови од зградите и другите објекти кои се наоѓаат во катастарските општини за кои е извршена конверзија согласно член 32 на овој правилник, се запишуваат во одржување на катастарот на недвижностите по пријава на странка кон која се прилага правен основ за запишување, геодетски елаборат и доказ за платен надоместок.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, за катастарските општини за кои податоците за зградите, посебните делови од зградите и другите објекти се прибрани по службена должност во постапката на дополнителен премер, кон пријавата за запишување не се прилага геодетски елаборат".

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-5169/1
31 март 2010 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Димитар Димовски**, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-5512400.
Телефакс: +389-2-5512401.

Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010048